**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.44-2693/1
Скопје, 1 април 2020 година

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

С К О П Ј Е

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Продолжението на Триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 април 2020 година**

„ТОЧКА 59: Информација за намалување на непродуктивни расходи поради справување со здравствено – економската криза предизвикана од вирусот COVID-19

Владата ја разгледа Информацијата за намалување на непродуктивни расходи поради справување со здравствено – економската криза предизвикана од вирусот COVID-19 и ја усвои со следниве заклучоци:

**1.** Во јавниот сектор времено се забрануваат нови вработувања, нови ангажирања преку агенции за привремени вработувања и нови договори на дело, освен за ангажирања на соодветен кадар во здравствениот сектор и во други сектори кои се во насока на справување со последиците од Коронавирусот.

**1.1.** За сите трајно испразнети работни места (пензионирања и други заминувања по различни основи) да нема нови вработувања.

**1.2.** Доколку се утврди неопходност за пополнување на некое работно место, истото да се пополни од институции каде што има суфицит на кадар, а доколку нема таков кадар во институциите, за ангажирање на лицата претходно да одлучува Владата.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

1.3. Да не се стопираат веќе почнатите постапки за вработувања за кои има согласност од Министерството за финансии.

1.4. За издадените согласности од Министерството за финансии, а за кои не се започнати постапки за вработувања, истите да не се започнуваат.

2. Расходите за репрезентации, спонзорства и реклами во јавниот сектор. задолжително да се сведат на минимум.

3. Колективниот договор за култура, во кој се регулирани сите права, да се пролонгира до крајот на 2020 година.

4. На вработените во јавниот сектор, да не се доделува регрес за годишен одмор во 2020 година, како и да не се реализираат другите права од Општиот колективен договор за јавниот сектор за 2020 година.

5. Во текот на 2020 година, времено се забранува набавка на мебел, опрема и возила, кои суштински и директно не се поврзани со справување со здравствено – економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, а исклучок од оваа мерка се набавки за кои финансиските средства се обезбедени од донации или од Европските фондови, но да се спроведуваат по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.

6. Се задолжуваат јавните претпријатија основани од државата и акционерските друштва во државна сопственост, да ги намалат тековните расходи за 15% за 2020 година.

   Согласно оваа мерка, јавните претпријатија основани од државата и акционерските друштва во државна сопственост да ги преработат своите финансиски планови и инвестициони програми и за истото во рок од 15 дена да ја информираат Владата.

7. Се задолжуваат сите буџетски корисници и единките корисници, до крајот на 2020 година, задолжително да ги почитуваат мерките за намалување на расходите.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

8. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа, а се укажува на јавните претпријатија и акционерски друштва во државна сопственост и на останатите субјекти во јавниот сектор да ги почитуваат донесените мерки за намалување на расходите, како и да се воздржат од помалку суштинските расходи кои не придонесуваат во справувањето со Коронавирусот."

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**

- **членовите на Владата**
- **органите на државна управа**
- **државни институции**
- **сите АД во државна сопственост**
- **сите јавни претпријатија основани од државата**
- **единици на локалната самоуправа**

Подготвил: Родна Панговска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk